# П О С Т А П К А
**за**
# ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ

Отстранување на објект се врши во случај кога објектот или дел од објектот е оштетен или ако постои опасност од уривање на објектот.

1. Се поднесува:

- Барање (го печати општината на лице место... за физичко лице: пожелно е да се носи лична карта.... за правно лице: документ со наведен ЕДБ на фирмата),
- Платена уплатница за административни такси (општината Ве информира за жиро сметката, назнаката на уплатата и сумата која треба да се уплати),
- Доказ за сопственост на објектот,
- Проект за отстранување на објект во 3 примероци, и
- Ревизија на проектот за отстранување.

2. Општината го контактира барателот, договара и врши Увид на лице место.
3. Општината прибира мислења и согласности од релеванти институции.
4. Општината го заверува проектот и изготвува Одобрение за отстранување.
5. Општината издава на барателот:

- Одобрение за отстранување во 2 примероци,
- 2 примероци на заверениот проект за отстранување, и
- 1 примерок од записникот за извршен увид на лице место.

Законски рок за издавање на Одобрение за отстранување е **1 месец** од денот на предавање на уредното барање. Доколку предметот не е решен во овој законски рок, барателот може да поднесе Жалба до општината.